**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Игор Антевски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2**
**тел. 02/2050-206,**
**izvrsitelantevski@gmail.com**

**Образец бр.29**

**И.бр. 1/2024**

Извршителот Игор Антевски од Скопје, ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2 врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител ХАЛК БАНКА АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030993162028 и ЕМБС 4627148 и седиште на ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54, засновано на извршната исправа Нотарски Акт – Договор за регистриран невладетелски залог над подвижни предмети (со својство на извршна исправа) ОДУ бр.1226/20 од 31.12.2020 година на Нотар Дарко Стојкоски од Скопје, против должникот/заложен должник Александар Димитриевски од Скопје со живеалиште на ул.1611 бр.32/1-1, за спроведување на извршување на ден 15.04.2024 година го составува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ВТОРА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

1. Резервоар, Производител: Maleric, тип/модел: 3300 L, Сер.Фабрички бр.01617/16, со вредност во износ од 83.905,00 денари;
2. Резервоар, Производител: Maleric, тип/модел: 3300 L, Сер.Фабрички бр.01618/16, со вредност во износ од 83.905,00 денари;
3. Дупликатор, Производител: ON HAZIRLAMA, тип/модел: 2t, Год.на набавка /производство: 2020, со вредност во износ од 197.424,00 денари;
4. Дупликатор, Производител: ON HAZIRLAMA, тип/модел: 1.2t, Год.на набавка /производство: 2020, со вредност во износ од 148.068,00 денари;
5. Полнилица, Производител: Maleric, тип/модел: SP 3/6-52L, Сер.Фабрички бр.3024/18, Год.на набавка/производство:2020, со вредност во износ од 49.356,00 денари;
6. Екструдер, машина за производство на масло и сточна храна, Производител, тип/модел: 3000 Л/24 часа 90000 кг/24 часа, Год.на набавка/производство:2017, со вредност во износ од 61.695,00 денари;
7. Процесор за Биодизел, Производител: Bio Dizel, тип/модел: BLSCK DIESEL 125, Год.на набавка/производство:2020, со вредност во износ од 55.526,00 денари;
8. Процесор за Биодизел, Производител: Bio Dizel, тип/модел: Procesor 200, Год.на набавка/производство:2020, со вредност во износ од 70.333,00 денари;
9. Процесор за Биодизел, Производител: Bio Dizel, тип/модел: Procesor 200, Год.на набавка/производство:2020, со вредност во износ од 70.333,00 денари,

кои вредности по предлог на заложниот доверител претставуваат почетна цена за второто усно јавно наддавање.

Предметите се оптоварени со следните товари: заложно право во корист на заложниот доверител ХАЛК Банка АД Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден 30.04.2024 година во 11:00 часот во просториите на Извршител на Извршител Игор Антевски од Скопје, на адреса ул. 8-ма Ударна Бригада" бр.20-А/1-2.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија и на веб страна на Комората на извршители на РСМ.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од почетната цена за јавното наддавање.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на трансакциска сметка бр.250010402320172 која се води на име на Извршител Игор Антевски од Скопје во Шпаркасе Банка АД Скопје, даночен број 5080021510736, најдоцна до 29.04.2024 година.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат по претходна најава кај извршителот.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Игор Антевски

Д.-на: - заложниот доверител
- должникот/заложен должник

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на чие подрачје извршувањето или пак дел од него се спроведува, согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.